| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **КАЗНЕНО ПРАВО - ПОСЕБЕН ДЕЛ** | | | |
| 2. | **Код** | **50804** | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Правни студии (мастер студии по казнено право) | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Четврта/први | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 8 |
| 8. | **Наставник** | **Проф. д-р Методија Каневчев**, редовен професор<br>**Проф. д-р Никола Тупанчески**, редовен професор<br>**Проф. д-р Александра Деаноска – Трендафилова**, вонреден професор | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Студентите ќе се запознаат со посебниот дел на казненото право кој за предмет на проучување ги има одделните казнени дела. Тие ќе се стекнат со знаења за заедничкиот објект на заштита кај секоја група казнени дела, посебниот објект на заштита кај секое дело, ќе знаат да ги прецизираат конститутивните обележја на објективното неправо, елементите на субјективното битие на делото, извршителскиот круг и да ги анализираат различните облици на секое дело. Систематиката на посебниот дел на казненото право се надоврзува на законскиот систем, односно ја следи систематиката на македонскиот Кривичен законик. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Посебниот дел на казненото право, како научна, дисциплина претставува дел од казненоправната наука која за предмет на проучување ги има одделните казнени дела, нивните законски битија и практичната примена на законските одредби за казнените дела. Методолошки, во рамките на овој предмет се утврдува заедничкиот објект на заштита кај секоја група казнени дела, потоа посебниот објект на заштита кај секое дело, се утврдуваат објективното и субјективното битие на делото, извршителскиот круг, различните облици и односот со другите дела.<br><br>**Детална структура на програмата:**<br>Кривични дела против животот и телото;<br>Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот;<br>Кривични дела против изборите и гласањето;<br>Кривични дела против работните односи;<br>Кривични дела против половата слобода и половиот морал;<br>Кривични дела против бракот, семејството и младината;<br>Кривични дела против здравјето на луѓето;<br>Кривични дела против животната средина; | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Кривични дела против имотот;<br>Кривични дела против културното наследство и природните реткости;<br>Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството;<br>Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот;<br>Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај;<br>Кривични дела против државата;<br>Кривични дела против службената должност;<br>Кривични дела против правосудството;<br>Кривични дела против правниот сообраќај;<br>Кривични дела против јавниот ред;<br>Кривични дела против човечноста и меѓународното право. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици по 5 часа. За секоја тема на студентите однапред ќе им биде посочена соодветна литература за подготовка на часот и нивно активно вклучување во интерактивна настава.<br>Наставата ќе се одвива преку предавања и вежби, подготовка на презентации и мини-истражувања и слични проекти, посета на соодветни институции или посета на гости предавачи од соодветни институции зависно од темата на часот, учество на семинари и сл. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 200 | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 15 недели (5 часа неделно) | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 75 часа |
| | | 15.2 | Вежби | / |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 25 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | / |
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (А) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Освоени најмалку 40 бода од завршен испит и освоени најмалку 11 бода од проектна задача (кумулативно). | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | |

**22.1 Задолжителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Владо Камбовски,<br>Никола Тупанчески | Казнено право – посебен дел | Правен факултет, Скопје | 2011<br>година |

**22.2 Дополнителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Камбовски Владо | Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија | | Скопје, 2015 |
| 2. | Каневчев Методија | Практикум по кривично право – посебен дел | | Скопје, 2003 |
| 3. | Тупанчески Никола | Кривичен Законик – Интегрален дел - Предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, | | Скопје, 2017. |